УДК 821.163.3-5

**Анета Дучевска**

# ВОВЕДНО ОБРАЌАЊЕ ВО СВОЈСТВО НА ДЕКАН НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ И НА МОДЕРАТОР НА ТРИБИНАТА ОДРЖАНА ПО ПОВОД 5 МАЈ – ДЕН НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК (5.05.2023)

Јазикот и медиумите е тема што отсекогаш го привлекувала вниманието на лингвистите, на новинарите, но и на јавноста пошироко. Има повеќе причини за ваквиот интерес, кои сега ќе ги претставам и како можни тези за нашиот денешен разговор:

- медиумите претставуваат лесно достапен извор за јазичен материјал што се користи за научно-истражувачки цели и за наставно-образовни цели;
- медиумите се, исто така, важни јазични институции – нивните производи се во голема мера она што корисниците на јазикот секојдневно го слушаат или го читаат;
- следствено, восприемањето на медиумите го моделира јазичното поведение, т.е. влијае на развојот на нови тенденции во сите јазични рамништа;
- за странските изучувачи на јазикот медиумите претставуваат важен извор за јазичните модели на родените зборувачи;
- начините на кои се користи јазикот во медиумите е интересен за лингвистите од аспект на тоа какви раслојувања се користат (географски, социолошки, нормативни, т.е. дијалекти, сленг, жаргон) на пример, во рекламите, во жолтиот печат, во радиоемисиите (каде што водителите само ја претпоставуваат својата публика), т.е. генерално каков јазичен израз одбираат во својата проекција за публиката што ги чита или ги слуша;
- медиумите се, исто така, важни општествени институции затоа што се тие клучни претставувачи на културата, на политиката, на

општествениот живот, притоа наметнувајќи влијание врз тоа како се оформуваат и како се изразуваат овие сегменти во практиката;
- медиумскиот дискурс е важен затоа што преку него се открива карактерот за општеството, а се откриваат и начините и содржините со кои се придонесува за карактерот на општеството.

Што може да се каже за местото, улогата, поставеноста на македонскиот јазик во гореспоменатите тези?